Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА РАБОТАТА НА БИРОТО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ

# НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ЗА 2022 ГОДИНА

2023, СКОПЈЕ

## 1.ВОВЕД

Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права (во понатамошниот текст: ЕСЧП/Судот) беше основано на почетокот на 2015 година согласно Законот за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права („Службен весник“ бр. 67/2009, 43/2014 и 64/2018), како посебно правно лице во состав на Министерството за правда. Покрај овој закон, надлежностите на Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред ЕСЧП се дефинирани и со Законот за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права („Службен весник“ бр. 67/2009 и 43/2014).

Со Законот за застапување на Република Македонија пред ЕСЧП на Бирото му е доверена улогата на застапување на државните интереси пред ЕСЧП во согласност со Европската конвенција за човекови права (во понатамошниот текст: ЕКЧП/Конвенцијата) и нејзините Протоколи. Со оглед на карактерот и делокругот на доверените надлежности, Бирото за застапување на Република Северна Македонија *de facto* е специјализиран орган за застапување на сите државни органи на Република Северна Македонија во постапките кои пред ЕСЧП се водат против државата.

Освен надлежностите во делот на застапувањето пред ЕСЧП, на Бирото за застапување пред ЕСЧП му е доверена и надлежност во делот на координација на извршувањето на пресудите и одлуките на ЕСЧП и комуникација со Комитетот на министри за целите на надзорот што овој орган на Советот на Европа го врши над извршувањето на пресудите и одлуките на ЕСЧП. Меѓудругото, Бирото е стручна и административно - техничка поддршка на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП.

## 2. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА СОСТОЈБИТЕ ПРЕД ЕСЧП ВО ТЕКОТ НА 2022 ГОДИНА

ЕСЧП беше исклучително активен во текот на 2022 година, одлучувајќи за 39.570 поднесени апликации.

Бројот на апликации по кои Судот одлучи со пресуда во текот на 2022 година изнесува 4.168 апликации со што се забележува раст од 33% во 2022 година во споредба со 2021

година кога беа решени 3.131 апликација. Комитетот од тројца судии[1] одлучуваше за 3.554 апликации, а формациите во состав од судија поединец постапуваа по 30.600 апликации. Голем број на апликации беа споени, што резултираше со донесени 1.163 пресуди (за 4.168 апликации), споредбено со 2021 година кога беа донесени 1.105 пресуди (за 3.131 апликација).

Што се однесува до бројот на поднесени апликации во текот на 2022 година овој број изнесуваше 74.650 апликации, што е за 6% повисок од минатата година, кога бројката изнесуваше 70.150. Бројот на поднесени апликации доделени на совет е зголемен за 15% од 1 јануари 2022 година (35.100 апликации). Бројот на поднесени апликации доделени на комитетот исто така се зголеми за 9% (34.800 апликации). Сепак, се забележува намалување на бројот на поднесени апликации доделени на судија поединец кој падна за 38% споредено со претходната година (4.750 апликации).

На крајот на годината имаше 69.900 нерешени апликации пред совет (вклучувајќи го и Големиот судски совет) или комитет кои чекаа на решавање, а 4.750 апликации пред судија поединец[2].

Петте држави на кои се однесуваат најголем дел од предметите во постапката пред ЕСЧП останаа исти како и минатата година, меѓутоа Турција, со приближно 20.100 апликации, од 1 август 2022 година стана земја со најголем број случаи; па потоа следуваат Руската Федерација, со околу 16.750 апликации; Украина со 10.400 апликации; Романија со 4.800 апликации и Италија со приближно 3.550 апликации.

Речиси 10.200 од поднесените апликации се однесуваа на спор помеѓу различни земји-членки. Ова се сложени случаи кои бараат посебен напор, особено во однос на распоредувањето на персоналот, и кои оправдаа формирање на посебно Одделение во рамките на Судот за да одлучува по нив.

---

[1] Предметите пред ЕСЧП се решаваат во четири различни видови на судски формации. Согласно членот 26 (1) од ЕКЧП: „За да испитува предмет пред него, Судот заседава во формација на судија-поединец, во комитети од тројца судии, во совети од седум судии и во Голем совет од седумнаесет судии.“ Судии-поединци ја утврдуваат допуштеноста на поединечни поднесоци во кои најчесто спаѓаат очигледно неоснованите предмети. Овој систем е воспоставен за да се помогне да се намали акумулацијата на голем број предмети. Составени од тројца судии, комитетите одлучуваат за допуштеноста на предмети, како и за основаноста кога предметот се однесува на прашање опфатено со добро воспоставена судска пракса (одлуката мора да биде едногласна). Составени од седум судии, советите примарно одлучуваат за допуштеноста и основаноста на предмети кои покренуваат прашања за кои не било често одлучувано (одлуката може да се донесе со мнозинство гласови). Секој совет го вклучува претседателот на Советот и „национален судија“ (судија со државјанство на државата против која е поднесена апликацијата). Составен од 17 судии, Големиот совет расправа за мал, избран број на предмети кои му биле упатени или за кои совет му отстапил надлежност, обично кога предметот опфаќа важно или ново прашање. Големиот судски совет секогаш ги вклучува претседателот и потпретседателот на Судот, претседателите на одделите и националниот судија.

[2] Споредбено со 2021 г. – 62.450 нерешени апликации пред совет или комитет, а 7.700 апликации пред судија поединец.

Имајќи ја предвид новината што Судот ја воведе во 2021 во својата политика за давање преоритет на предметите кои се најважни, сериозни и итни, заради забрзување на постапката по истите, од вкупниот број поднесени апликации во текот на 2022 година, околу 23.850 беа идентификувани како „приоритетни предмети“. Многу од нив, според судската пракса, се повторувачки случаи каде важечките правни принципи се веќе добро воспоставени. Утврдувајќи дека голем број на ваквите важни предмети не спаѓаат во категоријата „приоритетни предмети“ според постојната категоризација на Судот, во 2021 година тој воведе нова категорија на „предмети од влијание“ во која, по точно утврдени критериуми, ги смести предметите кои покренуваат важни прашања и имаат најголемо влијание во однос на препознавањето на недостатоците во националните системи за заштита на човековите права. Така, на 1 јануари 2022 година, од 21.486 нерешени апликации од категорија IV, 528 беа идентификувани како „предмети од влијание“. Една година подоцна, 429 од 26.527 апликации од категорија IV во тек, се идентификувани како такви. Во 78% од овие случаи, владите на државите членки повикани на одговорност се веќе известени за таквите апликации. Во текот на 2022, испитани се 551 „предмети од влијание“: 187 од овие апликации резултираа со пресуда; 41 од нив се недопуштени или тргнати од листата на предмети, а 323 беа доставени до владите повикани на одговорност, односно до владите против кои се поднесени апликациите.

Меѓу најзначајните „предмети од влијание“, ЕСЧП во својот извештај за 2022 година ги издвојува: пресудите за сексуално вознемирување на работното место (*C. v. Romania*, A. No. 47358/20); оневозможен пристап со инвалидска количка до јавни објекти (*Arnar Helgi Lárusson v. Iceland,* A. No. 23077/19); слобода на изразување на судиите (*Żurek v. Poland*, A. No. 39650/18); пропусти при гласање од страна на национално малцинство (*Bakirdzi and E.C. v. Hungary*, A. No. 49636/14, 65678/14) и неуспех да се спроведат брзи и сеопфатни мерки за десегрегација на ученици Роми во основно училиште (*X and Others v. Albania*, A. No.73548/17, 45521/19)[3].

Судот беше сведок на други значајни промени во текот на 2022 година. Протоколот бр. 15 на ЕКЧП кој стапи на сила на 1 август 2021 година предвиде нов рок за поднесување на апликацијата пред Судот кој се скрати од шест на четири месеци за случаи во кои

[3] Со пресуда од 13.12.2022 година, во предметот *Елмазова и други* против државата, Судот утврди идентична повреда во услови на слични жалбени наводи како во предметот против Албанија.

конечната домашна одлука е донесена на или по 1 февруари 2022 година, а започна да се применува од 1 февруари 2022 година.

Во текот на 2022 година беа прифатени 4 барања за советодавни мислења поднесени од највисоките домашни судови на држави – членки на Советот на Европа (Литванија, Ерменија, Франција и Финска) како можност која што беше предвидена со Протоколот бр. 16 на Конвенцијата, а Судот во текот на 2022 година одлучи за три од нив. Имајќи предвид дека во 2023 година ќе се навршат веќе пет години од стапувањето во сила на Протоколот бр. 16[4], овие случувања Судот ги оцени како охрабрувачки знак за можноста Судот да дава советодавни мислења на државите-членки покренати од нивните највисоки судови.

На 18 октомври 2022 година, Судот издаде надворешна верзија на својата платформа за споделување знаење, која сега е достапна за јавноста на неговата веб страница[5]. Оваа платформа е дизајнирана за дополнително да ја зајакне супсидијарната улога на Европската конвенција и Судот и да ја објасни неговата судска пракса на што е можно потранспарентен и тематски начин, бидејќи се стреми да ја подобри интеграцијата на судската пракса на Судот во националните правни системи, притоа нагласувајќи го фактот дека примарната одговорност за заштита на правата на Конвенцијата ја имаат националните власти.

Во текот на 2022 година најголем број од апликациите пред ЕСЧП беа решени со одлука. За 113 апликации беше утврдено дека се недопуштени или беа симнати од листата на предмети пред Судот од страна на совети, а 4.703 такви одлуки беа донесени од комитети. Покрај тоа, судии-поединци утврдија дека се недопуштени или симнаа од листата на предмети пред Судот околу 30.585 апликации.[6] Бројот на одлуки за недопуштеност и за симнување на апликации од листата на предмети пред Судот се зголеми за 7%, од 32.962 во 2021 година, на 35.402 апликации во 2022 година.

---

[4] Република Северна Македонија не е меѓу земјите кои го ратификуваа Протоколот.
[5] https://ks.echr.coe.int/en/web/echr-ks/
[6] Споредбено со 2021 г. - за 139 апликации беше утврдено дека се недопуштени или беа симнати од листата на предмети пред Судот од страна на совети и околу 4.856 такви одлуки беа донесени од комитети, додека судии-поединци утврдија дека се недопуштени или симнаа од листата на предмети пред Судот околу 27.966 апликации.

Во зависност од судските формации, во 2022 година беа донесени 358 пресуди од страна на совети, 796 од комитети, додека 9 пресуди беа донесени од страна на Големиот судски совет[7].

Местото на најмногу утврдени повреди во 2022 година го зазема членот 5 (право на слобода и безбедност) за кој Судот утврдил повреда во вкупно 407 апликации. Втора суштинска категорија на констатирани повреди на ЕКЧП е онаа според членот 3 (забрана на тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување) со вкупен број од 403 апликации. На трето место се констатираните повреди на членот 6 (право на правично судење) во вкупно 346 апликации.

Со цел зголемување на ефикасноста и забрзување на постапките пред ЕСЧП, по воведувањето на тн. *WECL* постапка (*well established case law*/постапка за предмети кои покренуваат прашања кои се дел од добро воспоставената судска пракса на ЕСЧП) во 2017 година, Судот во текот на истата година воведе и тн. *IMSI* постапка (*procedure of immediate simplified communication of cases*/постапка за брза поедноставена комуникација на предметите). Воведувањето на овие постапки од страна на ЕСЧП претпоставува зголемен обем на работа за Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред ЕСЧП, но и го зголемува притисокот за функционирање на институциите во државата во согласност со стандардите изградени во судската пракса на ЕСЧП.

Со воведувањето на *IMSI* постапката, работата на Бирото за застапување пред ЕСЧП се зголеми по својот обем и степен на сложеност. Оваа постапка за разлика од стандардната постапка, која претпоставуваше дека ЕСЧП ја подготвува фактичката состојба (*statement of facts*) по предметот, но и делот на релевантното домашно законодавство (*relevant domestic law*) по кој државата само се произнесуваше, сега товарот на подготовка на овие два дела го става врз државата, односно истата ја подготвува Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред ЕСЧП. Дополнително, ова претпоставува можност во случај Владата да не негира определени наводи на апликантот, ЕСЧП истите да ги земе предвид како фактички претпоставки на кои може да ја заснова сопствената одлука. Кон ваквите промени во постапката пред ЕСЧП треба да се додаде и околноста дека Бирото за застапување пред ЕСЧП

[7] Споредбено со 2021 г. - 416 пресуди од совети, 677 од комитети, а 12 пресуди од Големиот судски совет.

работи по преклузивни рокови кои за секое процесно дејствие ги определува ЕСЧП, како и фактот за променетата структура на предмети кои се доставуваат до државата на одговор кои покренуваат далеку посложени прашања, на пример од оние кои се покренуваа во предметите со наводи за повреда на правото на судење во разумен рок, кои во извесен и подолг период го сочинуваа најголемиот дел од предметите кои се доставуваа на одговор до државата.

Од друга страна, класификацијата на еден предмет против државата како *WECL* предмет кој покренува прашање кое е дел од добро воспоставената судска пракса, претпоставува дека за спорните правни прашања кои тој ги покренува, ЕСЧП веќе претходно одлучувал, но незадолжително во предмет против конкретната држава, туку е доволно за спорното прашање ЕСЧП да одлучувал и во предмет против друга држава членка на Советот на Европа. Ова укажува на фактот дека извесно ќе расте бројот на предмети против државата кои ќе бидат класифицирани во оваа група на предмети, а за кои одлучува комитет од тројца судии. Одлуките и пресудите донесени од комитет од тројца судии стануваат правосилни со денот на нивното донесување и во однос на нив не е дозволено упатување на барање за разгледување на предметот од страна на Големиот судски совет на ЕСЧП. Ова укажува на потребата за доследна примена и почитување на судската пракса на ЕСЧП од страна на сите институции во системот на државата, а како претходни прашања се поставуваат познавањето на истата и на основните алатки за нејзино истражување.

Почнувајќи од 1 јануари 2019 година, ЕСЧП донесе одлука да воведе нова пракса за сите земји членки на Советот на Европа, на посебна фаза во постапката пред ЕСЧП (неспорна фаза/*non-contentious phase*)[8]. Целта на воведувањето таква фаза, според Судот е поедноставување на процесот на пријателското спогодување помеѓу страните во предметите пред ЕСЧП. Примената на оваа пракса продолжи и во текот на 2022 година.

Новата практика во суштина ги одвојува неспорната фаза од постапката (или прва фаза во траење од 12-недели) од спорната (или втора фаза од постапката која се одвива во следните 12-недели) која е всушност фаза од постапката во која се разменуваат опсервациите и произнесувањата помеѓу страните, во случај на непостигнување на договор за пријателско спогодување помеѓу страните.

[8] https://www.youtube.com/watch?v=yUcbKJSuxiE&feature=youtu.be

Сепак, според новата практика, Регистарот на ЕСЧП нема да даде конкретен предлог за пријателско спогодување во секој случај, односно нема да даде предлог во случаи кои се однесуваат на нови прашања што Судот никогаш не ги оценувал или случаи за кои од некоја специфична причина не би било соодветно да предложи пријателско спогодување. Во предмети  кои се доставени на одговор согласно новата пракса, а во кои од различни причини Регистарот на ЕСЧП нема да излезе со сопствен и конкретен предлог со јасно и прецизно дефинирани услови за спогодување по кои странките во постапката треба да се произнесат, истите се сметаат повикани билатерално да преговараат за условите на евентуална спогодба. Сепак, Бирото за застапување пред ЕСЧП, во принцип ѝ предлага спогодбено решавање на Владата на Северна Македонија само во случај на јасни и прецизни услови за спогодување предложени од страна на ЕСЧП.

## 3. РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ЕСЧП ВО ТЕКОТ НА 2022 година

Бројот на поднесени апликации пред ЕСЧП против Република Северна Македонија се чини во текот на 2022 година го зачува истиот тренд на зголемување како и во 2021 година. Слично како и во претходните години, во текот на 2022 година, овој број е над европскиот просек мерено според индексот на поднесени апликации на 10.000 жители, кој на европско ниво во текот на 2022 година изнесуваше 0.54. Република Северна Македонија во 2022 година според овој индекс заврши на 7-то место во семејството на држави членки на Советот на Европа со индекс од 2.00. Индексот на поднесени апликации пред ЕСЧП на 10.000 жители против државата во текот на 2021 година изнесуваше 1.90, 2020 година изнесуваше 1.32, во 2019 година беше 1.26, во 2018 година изнесуваше 1.47, во 2017 година изнесуваше 1.66, во текот на 2016 година индексот беше 1.64, а со ваквиот индекс државата во 2021 година беше на 7-то место, 2020 година беше на 12-тото место, во 2019 година беше на 11-тото место, во 2018 година беше на 9-тото место, а во 2017 и во 2016 година на 11-тото место меѓу државите членки на Советот на Европа.

Во текот на 2022 година ЕСЧП одлучи по вкупно 314 апликации против Северна Македонија (за разлика од 2021 година кога овој број изнесуваше 368).

Во 2022 година ЕСЧП прогласи за недопуштени или симна од листата на сопствени предмети вкупно 302 апликации против државата, за разлика од претходната 2021

година кога бројот беше 362. Иако, најчесто поради неисполнување на определени формални претпоставки (како на пр. непочитување на роковите за поднесување на апликациите или неискористување на домашните правни средства пред поднесување на апликацијата), кај овој вид на апликации кои завршуваат како недопуштени, Судот е спречен да ја испитува основаноста на истите (најголемиот дел од нив и без да се достават на одговор до државата, во случај кога одлучува судија поединец), не треба да се исклучи можноста дека тие сепак разоткриваат сериозни повреди на ЕКЧП.

Во текот на 2022 година пред различните судски формации на ЕСЧП беа распоредени вкупно 367 апликации против Република Северна Македонија, што означува намалување во однос на претходната 2021 година кога овој број изнесуваше 394, а во 2020 година беа 275 апликации.




Во текот на 2022 година до Бирото за застапување на Република Северна Македонија на одговор беа доставени вкупно 24 апликации. Повеќе за апликациите кои беа доставени на одговор до државата во текот на 2022 година и за наводите за повреда на ЕКЧП кои се покренуваат во нив види **<u>Анекс бр.1</u>**.

Во текот на годината беа донесени вкупно 6 пресуди против Република Северна Македонија за вкупно 12 апликации (имајќи предвид дека за некои од нив Судот ја

спои постапката), а само во 4 од нив беше констатирана повреда на ЕКЧП (подетално за пресудите и одлуките на ЕСЧП види подолу).[9]

Европскиот суд за човекови права до државата достави едно барање за времена мерка, при што откако ја покани државата да се произнесе, Судот одлучи да не изрече времена мерка против државата.

## 4. ПРЕСУДИ И ОДЛУКИ НА ЕСЧП ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Откако државата ја ратификуваше Европската конвенција за човекови права на 10 април 1997 година, Европскиот суд за човекови права има донесено 191 пресуда и 526 одлуки за допуштеност и одлуки за симнување на апликации од листата на предмети пред Судот во предмети против Северна Македонија. Од вкупниот број на пресуди против државата, 154 се усвоени од совет, 35 од комитет од тројца судии во т.н. „повторувачки" предмети или т.н. *WECL* - предмети на добро воспоставена судска пракса и 2 од страна на Големиот судски совет. Во текот на 2022 година, против нашата држава беа донесени 6 пресуди[10] и 15 одлуки.

### 4.1. Утврдени повреди против Република Северна Македонија

Од вкупниот број на пресуди против државата, 123 пресуди се однесуваат на членот 6 од Конвенцијата, *правото на правично судење*, при што беа утврдени повреди во 116 предмети. Голем број од пресудите во врска со членот 6 се однесуваат на правото на судење во разумен рок. Судот зазема становиште дека апликантите најпрво треба да поднесат барање за заштита на правото на судење во разумен рок до Врховниот суд, што се смета за ефикасен правен лек, пред да го поднесат нивниот случај пред него[11], дури и тогаш кога надоместокот досуден од страна на Врховниот суд бил несоодветен, односно мал во споредба со износот кој во околностите на случајот би го досудил ЕСЧП[12].

---

[9] *Мицковски*, пресуда од 24 март 2022 година; *А.А. и други*, пресуда од 5 април 2022 година; *Костова и Апостолов* пресуда од 5 април 2022 година; *Костовски*, пресуда од 7 јуни 2022 година; *Талевска и Трпческа*, пресуда од 28 јуни 2022 година; *Елмазова и други*, пресуда од 13 декември 2022 година.

[10] ibid.

[11] *Аџи-Спиркоска и други*, одлука на совет од 3 ноември 201 1 година.

[12] *Петровиќ*, пресуда од 22 јуни 2017 година.

Многу граѓански и управни предмети покренаа прашања што се однесуваа на непристрасноста[13], начелото на еднаквост на оружјата[14], отсуството на правна сигурност и конзистентна судска пракса[15], отсуството на доволно образложение на судските одлуки[16], правото на пристап до суд[17], правото на усна расправа[18], целосно отсуство на правичност на постапката (denial of fear hearing)[19]. Од друга страна, презумпцијата на невиност[20], еднаквоста на оружјата и правото на одбрана во врска со допуштеноста на исказите од отсутни или сведоци со прикриен идентитет (загрозени) сведоци[21] и присуството на обвинетиот на рочиште[22], оценката на вештите наоди и мислења[23], правото на усна расправа[24], допуштеноста на незаконито стекнати докази[25], користењето на агент провокатор[26] и правото на толкувач[27], недопуштеноста на докази[28] беа адресирани во многу кривични предмети пред ЕСЧП, вклучително и во прекршочни предмети.

Повреда е утврдена во 14 пресуди кои се однесуваат на членот 1 од Протоколот бр. 1, кое го гарантира *правото на сопственост*, поради поништувањето на конечно решение со кое е признаено право на пензија[29], одбивањето да се врати во сопственост во постапка за денационализација одземената земјишна парцела, иако биле исполнети законските услови[30], недоволниот надоместок за експропријација на земјиштето на

---

[13] *Стојменовиќ и Милошевиќ*, пресуда од 25 март 2021 година, *Митров*, пресуда од 2 јуни 2016 година; *Митриновски*, пресуда од 30 април 2015 година; *Бајалциев*, пресуда од 25 октомври 2011 година; *Николов*, пресуда од 20 декември 2007 година.

[14] *Бајиќ*, пресуда од 10 јуни 2021 година, *Тасева-Петровска*, пресуда од 11 јануари 2018 година; *Наумоски*, пресуда од 27 ноември 2012 година; *Грозданоски*, пресуда од 31 мај 2007 година.

[15] *Крстаноски и други*, пресуда од 7 декември 2017 година; *Стоилковска*, пресуда од 18 јули 2013 година.

[16] *Билески*, пресуда од 6 јуни 2019 година; *Атанасовски*, пресуда од 14 јануари 2010 година; *АСП ПП ДООЕЛ*, пресуда од 6 јуни 2019 година.

[17] *Проданов*, пресуда од 10 јуни 2021 година, *Адиловска*, пресуда од 23 јануари 2020 година; *Центар за развој на аналитичка психологија*, пресуда од 15 јуни 2017 година; *Балажоски*, пресуда од 25 април 2013 година; *Спасовски*, пресуда од 10 јуни 2010 година; *Демерџиева и други*, пресуда од 10 јуни 2010 година; *Борис Стојановски*, пресуда од 6 мај 2010 година; *Петкоски и други*, пресуда од 8 јануари 2008 година; *Фетаовски*, пресуда од 19 јуни 2008 година. Повреда во оваа смисла не беше утврдена во *Ивановски*, пресуда од 21 јануари 2016 година.

[18] *Билески*, пресуда од 6 јуни 2019 година; *Селмани и други*, пресуда од 9 февруари 2017 година; *Миткова*, пресуда од 15 октомври 2015 година.

[19] *Талевска и Трпческа,* пресуда од 28.06.2022 година

[20] *Милачиќ*, пресуда од 14 октомври 2021 година (во кој не беа утврдени повреди во овој поглед), *Рамковски*, пресуда од 8 февруари 2018 година; *Полетан и Азировиќ*, пресуда од 12 мај 2016 година; *Миладинов и други*, пресуда од 24 април 2014 година.

[21] *Бошкоски*, пресуда од 4 јуни 2020 година; *Зибери*, пресуда од 6 јуни 2019 година; *Асани*, пресуда од 1 февруари 2018 година; *Дончев и Бургов*, пресуда од 12 јуни 2014 година; *Иљази*, пресуда од 3 октомври 2013 година; *Пападакис*, пресуда од 26 февруари 2013; *Трампевски*, пресуда од 10 јули 2012 година; *Атанасов (бр. 2)*, пресуда од 19 април 2011 година; *Солаков*, пресуда од 31 октомври 2001 година.

[22] *Ефтимов*, пресуда од 2 јули 2015; *Атанасов*, пресуда од 17 февруари 2011; *Настеска*, пресуда од 27 мај 2010; *Митревски*, пресуда од 21 јуни 2006.

[23] *Душко Ивановски*, пресуда од 24 април 2014 година; *Стоименов*, пресуда од 5 април 2007 година.

[24] Костовски, пресуда од 07.06.2022 година, *ТРАНСКОП АД Битола*, пресуда од 1 април 2021 година.

[25] *Хајрулаху*, пресуда од 29 октомври 2015 година.

[26] *Ѓоргиевски*, пресуда од 16 јули 2009 година.

[27] Повреда не беше утврдена во *Сандел*, пресуда од 27 мај 2010 година.

[28] *Костовски*, пресуда од 07.06.2022 година.

[29] *Ромева*, пресуда од 12 декември 2019 година.

[30] *Стојановски и други*, пресуда од 23 октомври 2014 година и пресуда од 7 февруари 2019 година во однос на материјалната штета во конкретниот случај.

апликантите во корист на правно лице[31], одземањето на возила кои биле употребени како средства за извршување на кривично дело или прекршок[32] и недозволувањето на одбивка на ДДВ на компанијата – апликант[33]. Во случајот на исклучените корисници од топлинска енергија во колективните објекти за домување кои беа обврзани да плаќаат паушал на снабдувачот, Судот исто така утврди дека државата сторила повреда на правото на сопственост[34]. Вонредното поништување на конечно и правосилно решение за денационализација, што имало за цел да се исправат „очигледните пропусти“ на управните органи не претставуваше повреда[35].

Судот донесе 4 пресуди за членот 2, *правото на живот*[36], утврдувајќи повреда дури и кога не настапила смрт, туку на апликантот само му била нанесена повреда од страна на полициски службеник[37]. Повреда не беше констатирана во случај на дејствија или пропуштања на лица инволвирани во непријавување на кривично дело, што имало за последица смрт на синот на апликантката кој бил убиен од припадник на специјалните полициски сили[38]. 18-месечното одложување на извршувањето на затворската казна на сторителот се сметаше за составен дел од процедуралната обврска на државата од членот 2[39].

Во 14 од 15 пресуди по членот 3, *забраната на мачење*, Судот утврди прекршување во процедуралниот дел[40]. Во многу предмети, Судот потенцираше дека од жртвите на наводни повреди не се бара самите да покренат гонење на овластените службени лица на државата, туку должност на обвинителот е да го испита апликантот и да ги земе предвид сите докази, односно да спроведе ефективна истрага[41], а во еден предмет Судот го сметаше за претеран формализам инсистирањето апликантот да го открие

---

[31] *Арсовски*, пресуда од 15 јануари 2013 година и пресуда од 7 февруари 2019 година во однос на материјалната штета во конкретниот случај.

[32] *Анев и Најдовски*, пресуда од 3 септември 2020 година; *Јакимовски и Кари превоз*, пресуда од 14 ноември 2019 година; *Анастасов*, пресуда од 26 септември 2019 година; *Василевски*, пресуда од 28 април 2016 година; *Андоноски*, пресуда од 17 септември 2015 година. Не беше утврдена повреда во *Сулејмани*, пресуда од 28 април 2016 година.

[33] *Авто Атом Доо Кочани*, пресуда од 28 мај 2020 година.

[34] *Стрезовски*, пресуда од 27 февруари 2020 година.

[35] *Спиридоновска и Поповски*, пресуда од 19 октомври 2017 година; *Толески*, пресуда од 15 јуни 2017 година; *Викентијевиќ*, пресуда од 6 февруари 2014 година.

[36] *Китановска-Станојковиќ и други*, пресуда од 13 октомври 2016 година; *Нешкоска*, пресуда од 21 јануари 2016 година; *Китановски*, пресуда од 22 јануари 2015 година; *Сашо Ѓоргиев*, пресуда од 19 април 2012 година.

[37] *Сашо Ѓоргиев*, пресуда од 19 април 2012 година.

[38] *Нешкоска*, пресуда од 21 јануари 2016 година.

[39] *Китановска-Станојковиќ и други*, пресуда од 13 октомври 2016 година.

[40] *Трендафиловски*, пресуда од 17 декември 2020 година; *Х и У*, пресуда од 5 ноември 2020 година, *Селами и други*, пресуда од 1 март 2018 година; *Аслани*, пресуда од 10 декември 2015 година; *Хајрулаху*, пресуда од 29 октомври 2015 година; *Андоновски*, пресуда од 23 јули 2015 година; *Китановски*, пресуда од 22 јануари 2015 година; *Ел- Масри*, пресуда на Големиот судски совет од 13 декември 2012 година; *Ѓоргиев*, пресуда од 19 април 2012 година; *Сулејманов*, пресуда од 24 април 2008 година; *Целадинов и други*, пресуда од 10 април 2008 година; *Трајкоски*, пресуда од 7 февруари 2008 година; *Јашар*, пресуда од 15 февруари 2007 година.

[41] *Трендафиловски*, пресуда од 17 декември 2020 година; *Х и У*, пресуда од 5 ноември 2020 година.

идентитетот на сите полициски службеници против кои тој поднел кривична пријава[42]. Освен во *Ел-Масри* и во *Хајрулаху,* Судот го квалификуваше постапувањето како тортура, со оглед дека на апликантот му се заканувале со цел да извлечат признание, што му предизвикало емоционална, психолошка и физичка болка и страдање[43]. Во многу предмети, Судот потенцираше дека од жртвите на наводни повреди не се бара самите да покренат гонење на овластените службени лица на државата, туку тоа е должност на обвинителот. Врзувањето со лисици на душевно болна апликантка во текот на нејзиниот транспорт до болница претставуваше деградирачки третман со кој се прекршува суштинскиот аспект од членот 3[44]. Судот утврди повреда на материјалниот аспект на членот 3 од Конвенцијата и деградирачки третман и во случајот на несоодветната грижа на ментално болно осумгодишно дете кое над една година и девет месеци било сместено во установа несоодветна за неговата здравствена состојба[45], а во врска со истиот случај констатираше повреда поради отсуство на ефикасна истрага, како меѓународна обврска на државата.

Во врска со загарантираната *забрана на дискриминација* според Конвенцијата, во еден случај, Судот утврди повреда на членот 14 во врска со членот 3 поради неуспехот на домашните власти да ги истражат наводите на апликантот за расно мотивирана полициска бруталност[46], а во еден случај Судот утврди повреда на членот 14 во врска со членот 2 од Протоколот број 1 од ЕКЧП поради тоа што не била спречена сегрегација на деца Роми во две државни основни училишта во Битола и Штип[47].

Повреди беа констатирани во сите 10 пресуди кои се донесени за член 5, *правото на слобода и безбедност*[48]. Пресудата на Големиот совет во *Ел-Масри против Македонија*[49] се однесуваше на арбитрарното *incommunicado* притворање на германски државјанин, неговото „вонредно предавање“ и неговиот трансфер во Авганистан, каде тој бил малтретиран. Освен предолгото траење на притворите и

[42] *Трајкоски*, пресуда од 7 февруари 2008 година.
[43] *Хајрулаху*, пресуда од 29 октомври 2015 година.
[44] *Илиевска*, пресуда од 7 мај 2015 година.
[45] *Л.Р.*, пресуда од 23 јануари 2020 година.
[46] *Мемедов*, пресуда од 24 јуни 2021 година.
[47] Елмазова и други, пресуда од 13.12.2022 година.
[48] *Сејдији*, пресуда од 7 јуни 2018 година; *Селами и други*, пресуда од 1 март 2018 година; *Рамковски*, пресуда од 8 февруари 2018 година; *Миладинов и други*, пресуда од 24 април 2014 година; *Велинов*, пресуда од 19 септември 2013 година; *Ел-Масри*, пресуда на Големиот судски совет од 13 декември 2012 година; *Василкоски и други*, пресуда од 28 октомври 2010 година; *Митрески*, пресуда од 25 март 2010 година; *Трајче Стојановски*, пресуда од 22 октомври 2009 година; *Лазороски*, пресуда од 8 октомври 2009 година.
[49] *Ел-Масри*, пресуда на Големиот судски совет од 13 декември 2012 година.

необразложеноста на колективните притворски решенија[50], ЕСЧП го дискутираше и правото на обвинетиот ефективно да учествува во постапката во која неговиот иницијален куќен притвор бил заменет со притвор[51], отсуството на разумно сомнение дека апликантот сторил кривично дело[52], незаконитото апсење поради наводно непридржување кон налогот на судот за плаќање на глоба и неинформирањето на апликантот за причините за неговото апсење[53], недоделувањето на (доволен) надоместок поради незаконитото лишување од слобода (и мачењето на апликантот за време на лишувањето од слобода)[54], како и неоправданото континуирано задржување во психијатриска установа[55].

Повреда беше утврдена во 10 од 11 пресуди за членот 8, *правото на почитување на приватниот и семејниот живот*, што ги опфати одбивање на промена на етничката припадност во Судскиот изборен именик во тек на оглас[56], одбивање на барањето на трансродово лице за промена на полот во матичната евиденција[57], правото на почитување на угледот[58], неизвршувањето на решенијата за одржување на контакти помеѓу родителите и нивните деца[59], моралниот и физичкиот интегритет на личноста[60], временски неопределеното чување на ДНК-примероци на осудени лица и недостаток на можност да се побара бришење на истите[61] и прибавување на доверливи медицински податоци на жалителите од страна на полицијата без доволно заштитни мерки за нивно обелоденување[62].

Во вкупно 4 пресуди против државата беше утврдена повреда на членот 10 од Конвенцијата, кој го гарантира *правото на слобода на изразување* – поради присилното отстранување на новинарите од собраниската галерија додека тие известуваа за дебатата за одобрување на државниот буџет за 2013 година[63]; во еден

---

[50] *Сејдији*, пресуда од 7 јуни 2018 година; *Рамковски*, пресуда од 8 февруари 2018 година; *Миладинов и други*, пресуда од 24 април 2014 година; *Василкоски и други*, пресуда од 28 октомври 2010 година.
[51] *Митрески*, пресуда од 25 март 2010 година.
[52] *Лазороски*, пресуда од 8 октомври 2009 година.
[53] *Велинов*, пресуда од 19 септември2013 година.
[54] *Селами и други*, пресуда од 1 март 2018 година; *Велинов*, пресуда од 19 септември 2013 година.
[55] *Трајче Стојановски*, пресуда од 22 октомври 2009 година.
[56] *Тасев*, пресуда од 16 мај 2019 година.
[57] *X*, пресуда од 17 јануари 2019 година.
[58] *Карајанов*, пресуда од 6 април 2017 година; *Ивановски*, пресуда од 21 јануари 2016 година; *Поповски*, пресуда од 31 октомври 2013 година.
[59] *Олури*, пресуда од 16 јануари 2020 година, *Митови*, пресуда од 16 април 2015 година. Спротивно на тоа, повреда во овој поглед не беше утврдена во *Митрова и Савиќ*, пресуда од 11 февруари 2016 година.
[60] *Ел-Масри*, пресуда на Големиот судски совет од 13 декември 2012 година.
[61] *Трајковски и Чиповски*, пресуда од 13 февруари 2020 година.
[62] *Ј.М. и А.Т.*, пресуда од 22 октомври 2020 година.
[63] *Селмани и други*, пресуда од 9 февруари 2017 година.

случај во кој беше утврдена кривична одговорност на апликантот за клевета, Судот констатираше дека таквата осуда имала обесхрабрувачки ефект во однос на политичката дебата како основа за функционирање на демократијата[64]; Судот утврди повреда и во случајот на колумнист кој беше кривично осуден за клевета за критикување на новинар во негова колумна[65]; во еден случај против државата Судот утврди повреда на слободата на изразување бидејќи одлучувањето на граѓанскиот суд за надомест на штета против апликантите, кои како новинари пренеле и цитирале информација за јавен функционер во тоа време, сепак постапувале со потребното внимание кое го бара одговорното новинарство известувајќи за прашање од јавен интерес и не може да се сметаат за одговорни поради неможноста да ја утврдат вистината за спорните наводи, како и поради тоа што висината на досудените износи за надомест на штета влијаела обесхрабрувачки во однос на отворената дискусија на теми од јавно значење“[66].

Само еден случај по член 11 според кој е загарантирана *слободата на собирање и здружување* се однесуваше на престанок на граѓанско здружение[67], додека 4 случаи вклучуваа забрана за регистрирање на верски заедници (повреда на членот 11 во врска со членот 9)[68].

## 5. ПРЕСУДИ И ОДЛУКИ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ТЕКОТ НА 2022




[64] *Макрадули*, пресуда од 19.07.2018 година.
[65] *Гелевски*, пресуда од 8 октомври 2020 година.
[66] *Костова и Апостолов*, пресуда од 05.04.2022 година.
[67] *Здружение на граѓани „Радко“ и Паунковски*, пресуда од 15 јануари 2009 година.
[68] *Ставропигијален манастир „Свети Јован Златоуст“*, пресуда од 29 ноември 2018 година; *„Црква на вистинските православни христијани“* и *Ивановски*, пресуда од 29 ноември 2018 година; *„Бекташка заедница“ и други*, пресуда од 12 април 2018 година; *„Православна охридска архиепископија (Грко-православна охридска архиепископија на Пеќката патријаршија)“*, пресуда од 16 ноември 2017 година.

## 5.1. Пресуди на Европскиот суд за човекови права во предмети против Република Северна Македонија во текот на 2022 година

Од 6 пресуди против државата донесени во 2022 година, 3 пресуди беа усвоени од совет од седум судии[69], а 3 од комитет од тројца судии[70]. Во 2 случаи Судот најде повреда на членот 6[71], во еден случај повреда на членот 14 во врска со членот 2 од Протокол бр. 1 од Конвенцијата[72], во еден случај повреда на членот 10 од ЕКЧП[73], а во 2 случаи Судот утврди дека државата не сторила повреда (во еден случај утврди дека нема повреда на правото на сопственост согласно членот 1 од Протоколот број 1 од ЕКЧП[74], а во еден случај Судот утврди дека државата не сторила повреда на членот 4 од Протоколот број 4 од ЕКЧП, ниту повреда на членот 13 од ЕКЧП во врска со членот 4 од Протоколот број 4 од ЕКЧП[75]).

ЕСЧП во текот на 2022 година ги донесе следните пресуди против државата:

Апликациите во случајот *Мицковски*[76] се однесуваа на жалбени наводи за повреда на членот 1 од Протоколот бр. 1 на Конвенцијата бидејќи привремената суспензија на неговата извршителска позиција (поради кривична истрага поведена против апликантот) и последователната судска одлука со која тужбеното барање на апликантот за надомест на штетата која апликантот наводно ја претрпел за време на суспензијата му било отфрлено, придонеле за повреда на неговото право на сопственост. ЕСЧП со пресудата констатираше дека во случајот *нема повреда* на правото на сопственост на апликантот примарно поради пропустот на апликантот да покаже дека поради времената суспензија тој претрпел прекумерен индивидуален товар.

Жалбените наводи на апликантите во случајот *А.А. и други*[77] се однесуваа на тоа дека истите биле депортирани од тужената држава без да бидат индивидуално идентификувани, односно дека нивното протерување било од колективна природа, како

---

[69] *Мицковски*, пресуда од 24 март 2022 година; *А.А. и други,* пресуда од 5 април 2022 година; *Елмазова и други,* пресуда од 13 декември 2022 година.
[70] *Костова и Апостолов*, пресуда од 5 април 2022 година; *Костовски*, пресуда од 7 јуни 2022 година; *Талевска и Трпческа,* пресуда од 28 јуни 2022 година.
[71] *Костовски*, пресуда од 7 јуни 2022 година; *Талевска и Трпческа,* пресуда од 28 јуни 2022 година.
[72] *Елмазова и други,* пресуда од 13 декември 2022 година.
[73] *Костова и Апостолов*, пресуда од 5 април 2022 година.
[74] *Костовски*, пресуда од 7 јуни 2022 година.
[75] *А.А. и други,* пресуда од 5 април 2022 година.
[76] *Мицковски,* пресуда од 24 март 2022 година.
[77] *А.А. и други,* пресуда од 5 април 2022 година.

и дека немале можност на ефективен правен лек во врска со нивното протерување од државата. Судот во својата пресуда утврди дека според домашното законодавство апликантите имале можност да влезат на територијата на тужената држава на граничните точки кои биле законски определени како легални за влез на странски државјани доколку ги исполнеле критериумите за влез или, доколку побарале азил или доколку барем изјавеле дека имале намера да поднесат барање за азил. На тој начин би се испитале индивидуалните околности на секој барател на азил. Меѓутоа, во случајот апликантите нелегално ја преминале границата на тужената држава со што ја заобиколиле ефективната постапка за легален влез. Судот утврди дека не постои повреда на членот 4 од Протоколот број 4 од ЕКЧП според кој е забрането колективно протерување на странци, ниту повреда на членот 13 од ЕКЧП (што го гарантира правото на ефективен правен лек) во врска со членот 4 од Протоколот број 4 од ЕКЧП.

Апликацијата *Костова и Апостолов*[78] се однесуваше на жалбени наводи дека одлуките на домашните судови против апликантите претставувале неоправдано вмешување во остварувањето на нивното право на слобода на изразување гарантирано во членот 10 од Конвенцијата. Поконкретно, во случајот станува збор за два текста кои апликантите ги имале објавено во неделен весник во кои го цитирале или реферирале на изјави кои им биле доставени од г. И., дека тогашен јавен функционер г. С. вршел притисок врз други носители на јавни функции со цел да влијае во лични работи на г. И., во период кога самиот И. бил носител на јавна функција, како и дека г. С. поседувал „бизнис империја во Чешка". Откако јавниот функционер С. покренал граѓанска постапка за клевета против апликантите, домашните судови во две инстанци во граѓанска постапка утврдиле дека апликантите му наштетиле на неговиот углед со тоа што објавиле невистинити факти кои ги опишале како „гласини", без претходно да се обидат да ја потврдат нивната веродостојност и дека објавените информации не биле од јавен интерес, туку навлегле во неговиот приватен живот. Последователно, и Уставниот суд ги потврдил ваквите ставови на редовните судови. Судот утврди дека апликантите дејствувале со внимание кое се очекува од одговорни новинари кои известуваат за прашања од јавен интерес; содржината на текстот не била измислена од нивна страна, туку било јасно посочено дека информацијата била добиена од анонимен извор; висината на износите за надомест на наводната штета која граѓанските судови ја досудиле имала „ефект на одвраќање" кој ја

[78] *Костова и Апостолов*, пресуда од 5 април 2022 година.

обесхрабрува отворената дискусија за теми од јавен интерес во иднина; домашните судови со своето одлучување не обезбедиле разумен однос на пропорционалност со наводната повреда на угледот на г. С. Со оглед на горенаведеното, ЕСЧП утврди повреда на членот 10 од Конвенцијата.

Во случајот *Костовски*[79] апликантот се жалеше дека во домашната прекршочна постапка против него не била одржана усна расправа и дека домашните органи одбиле да прифатат докази, што било спротивно на правата гарантирани согласно членот 6 став 1 од Конвенцијата. Исто така, апликантот се жалеше дека мерките изречени во прекршочната постапка биле прекумерни и според тоа му биле повредени правата гарантирани согласно членот 1 од Протоколот број 1 од ЕКЧП. ЕСЧП утврди повреда на правото на правично судење во однос на членот 6 став 1 од Конвенцијата поради тоа што домашните судови го одбиле барањето на апликантот за усна расправа и не ги образложиле причините за истото, како и поради фактот што не ги дозволиле доказите предложени од страна на апликантот. Истовремено ЕСЧП утврди дека нема потреба посебно да ги испитува наводите за повреда на правото на сопственост.

По неуспешните преговори за пријателско спогодување во случајот *Талевска и Трпческа*[80], Владата достави еднострана декларација со која призна дека имало повреда на членот 6 став 1 и повреда на правото на сопственост според членот 1 од Протоколот број 1 од Конвенцијата. Меѓутоа, Судот одлучи да го продолжи разгледувањето на апликацијата по приговорот на апликантките дека според домашното законодавство и домашната судска пракса, едностраната декларација од Владата, за разлика од пресудата донесена од Судот со која се утврдува повреда, не може да послужи како основа за повторување на постапката. Во овој случај, жалбените наводи на апликантките се однесуваа на повреда на правото на правично судење гарантирано со членот 6 став 1 и повреда на правото на сопственост според членот 1 од Протоколот број 1 од ЕКЧП. Откако биле вработени во основниот суд и пријавени во Агенцијата за вработување, в.д. претседателот на основниот суд поднел барање за нивна одјава и бришење од социјалното осигурување. Откако апликантките повеле спор пред граѓанскиот суд, Апелациониот суд го одбил нивното тужбено барање за неосновано и во

---

[79] *Костовски*, пресуда од 7 јуни 2022 година.
[80] *Талевска и Трпческа*, пресуда од 28 јуни 2022 година.

својата одлука се повикал на известување од Судскиот совет според кое заклучил дека в.д. претседателот ги потпишал нивните решенија за вработување пред да биде реализирана постапката за негов упис во Централниот регистар. Апелациониот суд спорното известување на Судскиот совет на кое го засновал своето одлучување и иако истото било спротивно на известување на Судскиот совет доставено претходно во постапката, не го доставил до апликантките, а Врховниот суд по барањето за ревизија не се произнел по наводите на апликантките во врска со недоставеното известување. Судот утврди повреда на гаранциите предвидени во членот 6 став 1 од Конвенцијата поради тоа што на апликантките не им било доставено известувањето од Судскиот совет кое било клучно за одлучувањето на Апелациониот суд, со што не било почитувано правото на правична постапка.

Во случајот *Елмазова и други*[81], Судот утврди дискриминација, односно повреда на членот 14 и членот 2 од Протоколот број 1 од ЕКЧП. Случајот се однесува на жалбени наводи поднесени од апликантите во однос на тоа дека во две државни основни училишта во Битола и Штип била направена сегрегација на учениците Роми. Според заклучокот на Судот во пресудата, дури и во отсуство на каква било дискриминаторска намера од страна на државата, Судот смета дека сегрегацијата на децата Роми во двете државни основни училишта во текот на разгледуваниот период не може да се смета за објективно и разумно оправдано со легитимна цел. Пресудата на ЕСЧП констатираше повреда на забраната за дискриминација во врска со правото на образование, откако претходно независно од укажувањата на Народниот правобранител, Уставниот суд не констатираше повреда на слободите и правата и откако во однос на двете основни училишта додека траеше постапката пред ЕСЧП, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, констатираше сегрегација.

## 5.2. Одлуки на ЕСЧП во предмети против Република Северна Македонија во текот на 2022 година

Во текот на 2022 година ЕСЧП донесе вкупно 15 одлуки против Северна Македонија.

Во 6 случаи апликациите се однесуваа на правото на правично судење согласно членот 6 од Конвенцијата, 5 случаи го адресираа правото на сопственост загарантирано со

[81] *Елмазова и други*, пресуда од 13.12.2022 година

членот 1 од Протоколот бр. 1, 2 случаи беа врзани за правото на слобода и безбедност согласно членот 5 од ЕКЧП, 1 случај се однесуваше на општата забрана на дискриминација која е гарантирана со членот 1 од Протоколот број 12, а жалбените наводи во 1 случај се однесуваа на гаранциите предвидени во членот 8 од Конвенцијата.

Од 15-те одлуки, во 2 одлуки за 2 апликации поднесени против државата, Судот мериторно го испитуваше случајот.

Во предметот *Фине ДОО и други*[82], апликантите се жалеа дека рушењето на нивниот станбено-деловен објект било противзаконско, не остварило легитимна цел и било прекумерно непропорционално. ЕСЧП со одлуката констатираше дека жалбениот навод на апликантите според членот 1 од Протоколот бр. 1 е преуранет (со оглед дека во тек е кривична постапка против неколкумина обвинети со наводи дека рушењето во прашање било противзаконско). Со оглед на ова, ЕСЧП ја отфрли апликацијата поради неисцрпување на домашните правни лекови.

Апликантите во предметот *Вангелова и други*[83], повикувајќи се на правата загарантирани со членот 1 од Протоколот бр. 1 на Конвенцијата, тврдеа дека врз земјиштата кои биле нивна сопственост бил направен општински пат и неколку кабли за пренос на струја минувале преку истите, без претходно да биде спроведена било каква постапка за експропријација или исплата на надомест. Поради тоа, апликантите се жалеа дека требало да им биде досуден паричен надомест за смеќавањето на правото на сопственост кое било од јавен интерес. Со оглед на горенаведеното, приговорот на Владата за неискористување на домашните правни лекови Судот го уважи и апликацијата ја отфрли по основа на недопуштеност.

Бројот за останатите одлуки за кои одлучуваше ЕСЧП во текот на 2022 година беше следниот: 7 одлуки за спогодбено решавање на предмети по постигнато пријателско спогодување помеѓу државата и апликантите[84], 4 одлуки по еднострано признавање на повреда на ЕКЧП од страна на државата[85], а 2 предмети беа тргнати од листата според членот 37 став 1 (а) од Конвенцијата кој ја предвидува оваа можност во околности кои водат

---

[82] *Фине ДОО и други*, одлука од 17.05.2022 година.

[83] *Вангелова и други*, одлука од 17.05.2022 година.

[84] *Јосифовски*, одлука од 10.11.2022 година; *Б.И.*, одлука од 20.10.2022 година; *Кочовска и други*, одлука од 02.06.2022 година; *Милевска и други*, одлука од 02.06.2022 година; *Тодоровски*, одлука од 05.05.2022 година; *Столески*, одлука од 15.03.2022 година; *М.Д.*, одлука од 10.03.2022 година;

[85] *Кипровска Лукиќ*, одлука од 30.08.2022 година; *Чали*, одлука од 03.02.2022 година; *Јовановски*, одлука од 03.02.2022 година; *Милевски*, одлука од 20.01.2022 година.

до заклучок дека апликантите немаат намера да продолжат со постапката по нивната апликација пред Судот.

## 6. ИЗНОС НА ПРАВИЧЕН НАДОМЕСТ ДОСУДЕН ОД СТРАНА НА ЕСЧП СО ПРЕСУДИ И ОДЛУКИ ВО ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во текот на 2022 година износот на досудени средства по сите основи од страна на ЕСЧП (пресуди со констатирана повреда на ЕКЧП, одлуки за спогодбено решавање на предметите и одлуки донесени по основ на еднострана декларација, односно признавање на повредите на ЕКЧП) е вкупно 116.350 евра и претставува намалување во однос на износот на парични средства досудени од страна на ЕСЧП во претходната година. Рекордна бројка од 353.408 евра на досудени износи од страна на ЕСЧП во предмети против државата имаше во 2013 година.




## 7. ПРЕДМЕТИ ВО ИЗВРШУВАЊЕ ПОД НАДЗОР НА КОМИТЕТОТ НА МИНИСТРИ

Откако во текот на 2016 година, државата го достигна рекордот по однос на бројот на пресуди и одлуки во однос на кои беше донесена финална резолуција од страна на Комитетот на министри во текот на една година и со тоа означен беше крајот на процесот на нивното извршување, што пред сè се должи на затворање на околу 60 пресуди со кои беше констатирана повреда на правото на судење во разумен рок од членот 6 на ЕКЧП, а во некои од нив и повреда на членот 13 (правото на ефикасен домашен правен лек) во врска со членот 6 (правото на судење во разумен рок), а пред сè капитилизирајќи ги напорите кои беа правени во годините претходно за забрзување на домашните постапки, намалувањето на бројот на т.н. „стари предмети“,

но се чини пред сè на воведувањето на домашното правно средство пред Врховниот суд за заштита на правото на судење во разумен рок кое во 2011 година беше прогласено за ефикасно од страна на ЕСЧП[86], бројот на предмети за кои Комитетот на министри го затвори надзорот на извршување во текот на 2022 година изнесуваше 28, за разлика од 2021 година кога овој број изнесуваше 13. За листа на 15 пресуди за кои е донесена финална резолуција од страна на Комитетот на министри во текот на 2022 година, види **Анекс бр. 2**. Останатите финални резолуции се однесуваат на одлуки на ЕСЧП донесени врз основа на спогодба.

Бројот на предмети во извршување, а под надзор на Комитетот на министри забележа видно намалување во 2022 година, односно бројот на крајот на 2022 година изнесуваше 29. Ова е најмалиот број на предмети против државата, под надзор на извршувањето од страна на Комиетот на министри, гледано споредбено на крајот од последните 10 години. Бројот на нови предмети кои беа ставени под надзор на Комитетот на министри во 2022 година изнесуваше 10, за разлика од бројот во 2021 година кога изнесуваше 20.

Од „новите предмети“ или предметите кои беа ставени под надзор на Комитетот на министри во текот на 2022 година, 2 се водечки[87], а 8 се класифицирани како повторувачки предмети[88].

Во текот на 2022 година од страна на Комитетот на министри се затвори извршувањето на 28 предмети, од кои 6 предмети беа класифицирани како водечки.

Во текот на 2022 година од страна на Бирото за застапување на Република Северна Македонија беа изготвени и до Комитетот на министри испратени 11 акциони планови/извештаи за вкупно 20 пресуди на ЕСЧП преку кои државата реферира, а Комитетот на министри го врши надзорот на извршувањето на пресудите на ЕСЧП против државата. За листата на овие предмети види **Анекс бр. 3**.

---

[86] *Аџи-Спиркоска и други*, одлука од 3 ноември 2011 година.

[87] ***Водечки предмети*** за потребите на надзор над извршувањето се оние предмети кои најчесто од Комитетот на министри (а може и од страна на ЕСЧП) се идентификувани како предмети кои разоткриваат структурни проблеми во државата и чие извршување задолжително бара преземање на тн. општи мерки, кои имаат за цел да превенираат идни слични повреди на ЕКЧП и/или пресуди кои во зависност од околностите бараат преземање на посложени мерки за нивно извршување.

[88] ***„Клонирани“ или повторувачки предмети*** се во принцип оние кои се однесуваат на структурни или генерални проблеми кои веќе се покренати пред Комитетот на министри во еден или повеќе водечки предмети против државата, па овие предмети за целите на надзорот над извршувањето најчесто се групираат во група со водечкиот предмет кој се однесува на истиот проблем.

Република Северна Македонија, 2022 година ја заврши со 29 предмети во извршување под надзор на Комитетот на министри, од кои 11 предмети беа водечки. За листата на водечки предмети во извршување под надзор на Комитетот на министри види повеќе во **<u>Анекс бр. 4.</u>** На крајот на 2022 година, под зајакнат надзор на Комитетот на министри биле 3 пресуди на ЕСЧП кои се водечки предмети[89], и уште 8 повторувачки предмети[90].

## ПРЕДМЕТИ ПОД НАДЗОР НА ИЗВРШУВАЊЕТО ОД СТРАНА НА КОМИТЕТОТ НА МИНИСТРИ




## ПРЕДМЕТИ ЗА КОИ КОМИТЕТОТ НА МИНИСТРИ ДОНЕСЕ ФИНАЛНИ РЕЗОЛУЦИИ И ГО ЗАТВОРИ НАДЗОРОТ НАД ИЗВРШУВАЊЕТО




---

[89] *Х*, пресуда од 17 јануари 2019 година; *„Православна Охридска Архиепископија (Грко-православна архиепископија на Пеќката патријаршија)“*, пресуда од 16 ноември 2017 година; *Китановски*, А.бр.15191/12, пресуда од 22 јануари 2015 година.

[90] 7 кои спаѓаат во групата на Китановски и 1 кој спаѓа во групата на „Православна Охридска Архиепископија (Грко-православна архиепископија на Пеќката патријаршија)“.

НОВИ СЛУЧАИ ПОД НАДЗОР НАД ИЗВРШУВАЊЕТО ОД СТРАНА НА КОМИТЕТОТ НА МИНИСТРИ

**Водечки**




**Повторувачки**



| | АНЕКС БР.1 | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ДОСТАВЕНИ НА ОДГОВОР ВО 2022 г.** | | | |
| | ПРЕДМЕТ | БРОЈ НА АПЛИКАЦИЈА | АПЛИКАНТ/И | ЖАЛБЕНИ НАВОДИ НА АПЛИКАНТОТ/ИТЕ |
| 1. | **ПЕШОВ и 2 други апликации** | А.бр. 18678/18 | Митко Пешов | **член 5 § 3 од Конвенцијата**<br>**член 5 § 4 од Конвенцијата**<br><br>(право на слобода и безбедност) |
| | | А.бр. 27509/18 | Сашо Василевски | |
| | | А.бр. 19821/20 | Спиро Ристовски | |
| 2. | **ЈАНАКИЕСКИ и 1 друга апликација** | А.бр. 57325/19, 16291/20 | Миле Јанакиески | **член 5 §§ 1 (в)**<br>**член 5 § 3**<br>**член 5 § 4 од Конвенцијата**<br>(право на слобода и безбедност) |
| 3. | **ТРИФУНОВСКИ и 1 друга апликација** | А.бр. 5074/20, 39826/20 | Мирослав Трифуновски<br>и<br>Гоце Јакшовски | **член 6 § 1 од Конвенцијата**<br>(право на правично судење) |
| 4. | **КУЗМАНОВСКА И ДРУГИ** | А.бр. 25967/18 | 1. Кираца Кузмановска<br>2. Татјана Димковска<br>3. Марија Михајлова<br>4. Маруша Михајлова<br>5. Наташа Милева<br>6. Александар Наков<br>7. Кираца Накова<br>8. Султана Накова | **член 6 § 1 од Конвенцијата**<br>(право на правично судење)<br><br>**член 1 од Протокол бр. 1 кон Конвенцијата**<br>(право на сопственост) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | 9. Николчо Николов<br>10. Трајанка Николова<br>11. Ирена Николовска<br>12. Мирјана Николовска<br>13. Соња Петкова<br>14. Мара Штериевска<br>15. Ацо Штерјов<br>16. Мичо Штерјов<br>17. Ица Ташкова | |
| 5. | С.Б. | А.бр. 64163/19 | С.Б.[91] | **член 1 од Протоколот број 7 од Конвенцијата** (процедурални гаранции во случај на протерување на странец) |
| 6. | ПОПОВСКИ | А.бр. 51309/21 | Оливер Поповски | **член 3 од Конвенцијата** (забрана на мачење, нечовечно или понижувачко постапување или казнување) |
| 7. | МИТРЕВСКА | А.бр. 20949/21 | Мирјана Митревска | **член 8 од Конвенцијата** (право на почитување на приватниот и семејниот живот) |

[91] *С.Б.* е псевдоним кој се користи за апликантите согласно нивното барање во постапката пред ЕСЧП да останат анонимни. Потребно е да се има предвид дека согласно процедуралните правила кои ја регулираат постапката пред ЕСЧП, сите државни институции се должни да се придржуваат до обврската за зачувување на анонимноста на личниот идентитет на апликантите.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. | **Б.И.** | А.бр. 22849/20 | Б.И.[92] | **член 6 § 1 од Конвенцијата**<br>(Право на правично судење) |
| 9. | **ВЛАИСАВЉЕВИЌ** | А.бр. 23215/21 | Велимир Влаисављевиќ | **член 8 од Конвенцијата**<br>(право на почитување на приватниот и семејниот живот) |
| 10. | **САЛИМ И ДРУГИ** | А.бр. 25782/19 | Севдија Салим<br>Ајтен Бекир<br>Суват Бекир<br>Сенат Салим | **член 1 од Протоколот бр. 12 кон Конвенцијата**<br>(општа забрана за дискриминација)<br>и/или<br>**член 14 од ЕКЧП во врска со членот 2 § 2 од Протоколот бр. 4 кон Конвенцијата**<br>(забрана за дискриминација во врска со слобода на движење) |
| 11. | **РИПИЛОСКИ** | А.бр. 8793/19 | Христијан Рипилоски | **член 4 § 1 од Протоколот број 7 од Конвенцијата**<br>(право да не се биде осуден или казнет два пати) |
| 12. | **ТРАЈЧЕСКА** | А.бр. 13980/19 | Катерина Трајческа | **член 6 § 1 од Конвенцијата**<br>(право на правично судење) |
| 13. | **ПЕТРЕВСКИ** | А.бр. 19198/19 | Митко Петревски | **член 6 § 1 од Конвенцијата**<br>(право на правично судење) |
| 14. | **ИВАНОВА** | А.бр. 15313/19 | Вера Иванова | **член 6 § 1 од Конвенцијата**<br>(право на правично судење)<br>**член 13** (право на ефективен правен лек)<br>**член 1 од Протокол бр. 1 кон Конвенцијата**<br>(право на сопственост) |

[92] *Б.И.* е псевдоним кој се користи за апликантите согласно нивното барање во постапката пред ЕСЧП да останат анонимни. Потребно е да се има предвид дека согласно процедуралните правила кои ја регулираат постапката пред ЕСЧП, сите државни институции се должни да се придржуваат до обврската за зачувување на анонимноста на личниот идентитет на апликантите.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15. | Y И Z | А.бр. 53742/21 | Y и Z[93] | **Член 8 од Конвенцијата**<br>(право на почитување на приватниот и семејниот живот) |
| 16. | **НИКОЛОВСКА и 1 друга апликација** | А. бр. 45935/18<br>А. бр. 55102/18 | Соња Николовска | **член 6 § 1 од Конвенцијата**<br>(право на правично судење) |
| 17. | **ИСЕИНИ** | А. бр. 35172/22 | Африм Исеини | **член 6 § 1 од Конвенцијата**<br>(должина на извршна постапка) |
| | | А. бр. 37064/22 | Бајрам Лиманов | |
| | | А. бр. 46627/22 | Љупчо Лазарески | |

[93] *Y и Z* е псевдоним кој се користи за апликантите согласно нивното барање во постапката пред ЕСЧП да останат анонимни. Потребно е да се има предвид дека согласно процедуралните правила кои ја регулираат постапката пред ЕСЧП, сите државни институции се должни да се придржуваат до обврската за зачувување на анонимноста на личниот идентитет на апликантите.

АНЕКС БР. 2

**ПРЕСУДИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЧИЕ ИЗВРШУВАЊЕ Е ЗАТВОРЕНО СО ФИНАЛНИ РЕЗОЛУЦИИ УСВОЕНИ ОД КОМИТЕТОТ НА МИНИСТРИ ВО 2022 ГОДИНА**

| | Предмет | Број на апликација | Датум на донесување на пресуда | Датум на донесување на финална резолуција | Вид на повреда |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Костова и Апостолов** | А.бр. 38549/16 | 05.04.2022 | 14.12.2022 | **член 10 од Конвенцијата<br>повреда на слободата на изразување** |
| 2. | **Стоименовиќ и Милошевиќ** | А.бр.59842/14 | 25.03.2021 | 20.09.2022 | **Член 6 § 1 од Конвенцијата<br>неправична постапка поради отсуство на непристрасност** |
| 3. | **Транскоп АД Битола** | А.бр.48057/12 | 01.04.2021 | 20.04.2022 | **Член 6 § 1 од Конвенцијата<br>неправична постапка – неодржување на усна расправа од страна на домашните судови и повреда на принципот на контрадикторна постапка** |
| 4. | **Атанасов (бр. 2)** -водечки случај | А.бр.41188/06 | 19.04.2011 | 14.12.2022 | **Член 6 § 1 од Конвенцијата<br>неправична кривична постапка – повреда на правото да се сослушаат сведоци** |
| 5. | **Јаневски** – повторувачки случај во група на случаи Атанасов (бр. 2) | А.бр.30259/15 | 19.11.2022 | 14.12.2022 | **Член 6 § 1 од Конвенцијата<br>неправична кривична постапка – повреда на правото на сослушување сведоци** |
| 6. | **Бошкоски** – повторувачки случај во група | А.бр.71034/13 | 04.06.2020 | 14.12.2022 | **Член 6 § 1 од Конвенцијата<br>неправична кривична постапка – повреда на правото на сослушување сведоци** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | на случаи Атанасов (бр. 2) | | | | |
| 7. | **Зибери –** повторувачки случај во група на случаи Атанасов (бр. 2) | А.бр.2166/15 | 06.06.2019 | 14.12.2022 | **Член 6 § 1 од Конвенцијата неправична кривична постапка – повреда на правото на сослушување сведоци** |
| 8. | **Смичковски –** повторувачки случај во група на случаи Атанасов (бр. 2) | А.бр.15477/14 | 05.07.2018 | 14.12.2022 | **Член 6 § 1 од Конвенцијата неправична кривична постапка – повреда на правото на сослушување сведоци** |
| 9. | **Асани –** повторувачки случај во група на случаи Атанасов (бр. 2) | А.бр.27962/10 | 01.02.2018 | 14.12.2022 | **Член 6 § 1 од Конвенцијата неправична кривична постапка – повреда на правото на сослушување сведоци** |
| 10. | **Трампевски –** повторувачки случај во група на случаи Атанасов (бр. 2) | А.бр.4570/07 | 10.07.2012 | 14.12.2022 | **Член 6 § 1 од Конвенцијата неправична кривична постапка – повреда на правото на сослушување сведоци** |
| 11. | **Пападакис –** повторувачки случај во група на случаи Атанасов (бр. 2) | А.бр.50254/07 | 26.02.2013 | 14.12.2022 | **Член 6 § 1 од Конвенцијата неправична кривична постапка – повреда на правото на сослушување сведоци** |
| 12. | **Душко Ивановски –** повторувачки случај во група | А.бр.10718/05 | 24.04.2014 | 14.12.2022 | **Член 6 § 1 од Конвенцијата неправична кривична постапка – повреда на правото на сослушување сведоци** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | на случаи Атанасов (бр. 2) | | | | |
| 13. | **Иљази–** повторувачки случај во група на случаи Атанасов (бр. 2) | А.бр.56539/08 | 03.10.2013 | 14.12.2022 | **Член 6 § 1 од Конвенцијата**<br>**неправична кривична постапка – повреда на правото на сослушување сведоци** |
| 14. | **Адиловска** | А.бр.42895/14 | 23.01.2020 | 06.12.2022 | **Член 6 § 1 од Конвенцијата**<br>**повреда на правото на пристап до суд** |
| 15. | **Стрезовски и други** | А.бр.14460/16 | 27.02.2020 | 14.12.2022 | **Член 1 од Протокол број 1 од Конвенцијата**<br>**повреда на правото на сопственост** |

Анекс бр. 3

**Предмети за кои што се поднесени акциони планови и извештаи во текот на 2022 година:**

1. Транскоп АД (А.бр. 48057/12);
2. Х (А.бр. 29683/16)
3. Бајиќ (А.бр. 2833/13);
4. ООА (А.бр. 3532/07);
5. Стојменовиќ и Милошевиќ (А.бр. 59842/14);
6. Костова и Апостолов (А.бр. 38549/16);
7. Стрезовски и други (А.бр. 14460/16);
8. Адиловска (А.бр. 42895/14);
9. Талевска и Трпческа (А.бр. 11828/16);
10. Костовски (А.бр. 23773/17);
11. Атанасов бр. 2 (А.бр. 41188/06) – водечки случај

    *Повторувачки случаи во групата Атанасов бр. 2:*

    1. Јаневски (А.бр. 30259/15)
    2. Бошкоски (А.бр. 71034/13)
    3. Зибери (А.бр. 2166/15)
    4. Смичковски (А.бр. 15477/14)
    5. Асани (А.бр. 27962/10)
    6. Трампевски (А.бр. 4570/07)
    7. Пападакис (А.бр. 50254/07)
    8. Душко Ивановски (А.бр. 10718/05)
    9. Иљази (А.бр. 56539/08).

| АНЕКС БР. 4 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **„ВОДЕЧКИ“ ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ИЗВРШУВАЊЕ ПОД НАДЗОР НА КОМИТЕТОТ НА МИНИСТРИ** | | | | | | |
| | **Број на апликација** | **Датум на донесување на пресудата** | **Датум на правосилност** | **Апликант** | **Вид на повреда** | **Тип на надзор** |
| 1. | А.бр. 53565/13 | 16.04.2015 | 16.07.2015 | **МИТОВИ** | **член 8 од Конвенцијата**<br>повреда на правото на апликантите на почитување на нивниот семеенживот, како резултат на пропустот на државните власти да преземат соодветни и ефективни напори за извршување на одлуките за видување на Центарот за социјални работи;<br>**член 13 од Конвенцијата (отсуство на ефективен правен лек) во врска со членот 8 од Конвенцијата ;** | Стандарден надзор |
| 2. | А.бр.15191/12 | 22.01.2015 | 22.04.2015 | **КИТАНОВСКИ** | **член 2 од Конвенцијата (материјален аспект )**<br>употреба на живото-загрозувачки третман од страна на полициски службеници;<br><br>**член 3 од Конвенцијата (материјален аспект)**<br>деградирачки третман од страна на полициските службеници за време на неговото апсење;<br><br>**член 2 и 3 од Конвенцијата (процесен аспект)**<br>отсуство на ефективна истрага за жалбените наводи на апликантот поради живото-загрозувачкиот и деградирачки третман од страна наполициските службеници; | Зајакнат надзор |
| 3. | А.бр. 28169/08 | 28.10.2010 | 28.01.2011 | **ВАСИЛКОСКИ И ДРУГИ** | **член 5 § 3 од Конвенцијата**<br>отсуство на конкретни и недоволно образложени причини за притворна апликантите; | Стандарден надзор |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | А.бр. 3532/07 | 16.11.2017 | 09.04.2018 | "ПОА (ГРКОПРАВОСЛАВНА ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА НА ПЕЌКАТА ПАТРИЈАРШИЈА)" | **член 11 во врска со член 9 од Конвенцијата** повреда на правото на слобода на здружување поради одбивањето на државните власти да го регистрираат здружението апликант како верски субјект; | Зајакнат надзор |
| 5. | А.бр.29683/16 | 17.01.2019 | 17.04.2019 | X | **член 8 од Конвенцијата** повреда на правото на апликантот на почитување на правото на приватност, како резултат на недостаток на правна рамка која ги регулира условите и постапката за промена на ознаката за пол во изводот на родени; | Зајакнат надзор |
| 6. | А.бр. 46082/14 | 26.09.2019 | 26.09.2019 | АНАСТАСОВ | **член 1 од Протоколот бр.1 од Конвенцијата** повреда на правото на сопственост поради конфискација на возилото на апликантот во прекршочна постапка која застарела; | Стандарден надзор |
| 7. | А.бр.51599/11 | 14.11.2019 | 14.11.2019 | ЈАКИМОВСКИ И КАРИ ПРЕВОЗ | **член 1 од Протокол број 1 кон Конвенцијата** повреда на правото на сопственост на апликантите заради одземање на нивниот камион во текот на царинската прекршочна постапка | Стандарден надзор |
| 8. | А.бр.53205/13 | 13.02.2020 | 13.06.2020 | ТРАЈКОВСКИ И ЧИПОВСКИ | **член 8 од Конвенцијата** повреда на правото на приватен живот поради правната рамка врз основа на која домашните органи ги зеле, обработиле и чувале нивните ДНК примероци; | Стандарден надзор |
| 9. | А.бр.73087/12 | 10.06.2021 | 10.06.2021 | ПРОДАНОВ | **член 6 § 1 од Конвенцијата** повреда на правото на апликантот за пристап до суд поради отфрлањето на изјавената ревизија од Врховниот суд како недозволена *ratione valoris*; | Стандарден надзор |
| 10. | А.бр.2833/13 | 10.06.2021 | 10.09.2021 | БАЈИЌ | **член 6 § 1 од Конвенцијата (кривичен аспект)** недоставувањето на писмениот одговор од јавниот обвинител поднесен до Врховниот суд на апликантот не соодветствувало со правото на контрадикторна постапка и еднаквост на оружјата; | Стандарден надзор |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 11. | А.бр.23773/17 | 07.06.2022 | 07.06.2022 | КОСТОВСКИ | **член 6 § 1 од Конвенцијата**<br>повреда на правото на апликантот на правично судење поради неуспехот на Царинската управа во 2014 година и управните судови во 2016 година да дадат соодветни причини за одбивање на барањата на апликантот да се одржи усна расправа и да ги признае како доказ видеоснимките од граничниот премин; | Стандарден надзор |